## Народна банка на Република Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 19 мај 2017 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: април 2017 година

– Во април, **паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** се задржа на ниво од претходниот месец, во услови кога месечниот раст кај готовите пари во оптек во целост е неутрализиран со намалувањето кај депозитите (пред сѐ краткорочните депозити). На годишна основа, кај паричната маса е евидентиран раст од 5,9%, со најголем придонес на депозитните пари[2], по што следуваат долгорочните и краткорочните депозити.

– **Вкупните депозити** во април забележаа идентичен месечен пад од 0,3% како и минатиот месец, под влијание на намалувањето на депозитите и на корпоративниот сектор и на домаќинствата. Стапката на годишниот депозитен раст од 6,3% е повисока споредено со претходните два месеци, а годишниот раст на депозитите е поизразен кај корпоративниот сектор.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015 1) | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016 1) | 3.2017 | 4.2017 | 12.2015 1) | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016 1) | 3.2017 | 4.2017 | 3.2017 | 4.2017 |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **351,222** | **344,729** | **344,760** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **6.1** | **4.2** | **5.9** | **-0.3** | **0.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 26,300 | 25,726 | 25,957 | 26,356 | 28,193 | 26,802 | 27,753 | 13.3 | 9.0 | 7.5 | 6.2 | 7.2 | 4.2 | 2.0 | -0.1 | 3.6 |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **321,888** | **317,720** | **316,792** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **5.7** | **4.2** | **6.3** | **-0.3** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 87,377 | 82,420 | 81,627 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 13.4 | 8.8 | 12.0 | 0.8 | -1.0 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 217,394 | 217,554 | 216,865 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 2.5 | 1.8 | 3.4 | -0.6 | -0.3 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **282,461** | **280,157** | **281,707** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **0.9** | **0.0** | **0.6** | **1.2** | **0.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 151,905 | 146,851 | 147,432 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -3.8 | -5.2 | -4.2 | 1.1 | 0.4 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 129,321 | 132,080 | 133,055 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.0 | 6.6 | 6.5 | 1.4 | 0.7 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

– **Вкупните кредити** во април бележат идентичен месечен и годишен раст од 0,6%, соодветно. Месечното зголемување произлегува од растот на кредитирањето кон двата сектора, но во поголем обем кон домаќинствата. На годишна основа, бележиме зголемено кредитирање на домаќинствата, наспроти намалувањето кај корпоративниот сектор. Треба да се има предвид дека годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект годишниот кредитен раст е стабилен и во април изнесува 6,9%[3].

---

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[3] На 17.12.2015 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРМ.

– Во април, вкупните **депозити** на корпоративниот сектор на месечна основа се намалени за 1,0%, што произлегува од намалувањето на денарските депозити коешто го надминува месечниот раст на девизните депозити. На годишна основа, корпоративните депозити бележат раст од 12,0%, со позначителен придонес на денарските депозити (од 77,9% од растот).

– Кај вкупните **кредити** на корпоративниот сектор во април е забележано месечно зголемување од 0,4%, кое произлегува од растот на кредитите одобрени во денари. Од друга страна, состојбата на кредитите кон корпоративниот сектор на годишна основа е пониска за 4,2%, со поизразен придонес за намалувањето на девизниот кредитен сегмент. Доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката

[4] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.

на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор во април бележат годишен раст од 4,0%.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[5]




Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **депозити на домаќинствата** регистрирано е месечно намалување од 0,3%, коешто главно произлегува од краткорочните депозити во странска валута. На годишна основа, депозитите примени од домаќинствата бележат раст од 3,4%, во услови на позначителен придонес кон растот на девизните депозити (од 67%).

– Во април, кај вкупните **кредити** на домаќинствата е остварен месечен и годишен раст од 0,7% и 6,5%, соодветно. Зголемената месечна и годишна кредитна активност кон домаќинствата главно е резултат на растот на денарските пласмани на банките и штедилниците кај домаќинствата. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во април би изнесувал 10,4%.

[5] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1] | 3.2017 | 4.2017 | 12.2015[1] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1] | 3.2017 | 4.2017 | 3.2017 | 4.2017 |
| Потрошувачки кредити | 57,730 | 59,413 | 62,069 | 63,519 | 65,438 | 67,041 | 67,624 | 18.2 | 18.8 | 17.4 | 14.8 | 13.4 | 12.8 | 12.0 | 1.9 | 0.9 |
| Станбени кредити | 30,287 | 31,259 | 32,404 | 33,123 | 34,608 | 35,448 | 35,823 | 17.9 | 16.8 | 14.9 | 13.8 | 14.3 | 13.4 | 13.3 | 1.7 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 399 | 379 | 348 | 325 | 323 | 309 | 314 | -41.7 | -36.5 | -31.7 | -27.2 | -19.1 | -18.5 | -15.2 | 0.1 | 1.5 |
| Кредитни картички | 12,348 | 12,237 | 12,344 | 12,469 | 12,380 | 12,294 | 12,288 | -0.5 | 0.0 | 0.4 | 0.4 | 0.3 | 0.5 | 0.4 | 0.1 | -0.1 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,592 | 6,112 | 6,281 | 6,276 | 5,795 | 6,275 | 6,175 | 5.0 | 5.4 | 6.4 | 3.5 | 3.6 | 2.7 | 5.7 | -0.5 | -1.6 |
| Други кредити | 4,273 | 4,317 | 4,498 | 4,556 | 4,585 | 4,560 | 4,629 | 9.4 | 10.0 | 11.1 | 10.4 | 7.3 | 5.6 | 5.8 | -0.8 | 1.5 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Анализирано по намена на кредитите одобрени на физичките лица, во април кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** продолжува трендот на месечен раст од 0,9% и 1,1%, соодветно, додека годишниот раст изнесува 12,0% и 13,3%, соодветно. Кај **автомобилските кредити** бележиме месечен раст на кредитната активност за 1,5%, наспроти падот од 15,2% на годишна основа. Кредитите одобрени на **кредитни картички** и **негативните салда на тековните сметки** во април бележат месечно намалување од 0,1% и 1,6%,

соодветно, при годишен раст од 0,4% и 5,7%, соодветно. Кај кредитите одобрени врз **други основи** е регистрирано месечно зголемување од 1,5%, додека на годишна основа, тие се зголемени за 5,8%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци (http://www.nbrm.mk/?ItemID=4FCA40FAB7051A45B6C93DE5D8FB661D )

Методолошки појаснувања:
(http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf )

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Монетарни движења во Република Македонија: 21 јуни 2017 година (референтен пресек заклучно со мај 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).